# Кошарка со дување
# (подготовка, инструкции, активност)

- **<u>Претходна подготовка за активност</u>**

Наставникот подготвува по една пластична поголема чаша и по едно топче за пинг понг за секоја група. На секоја клупа каде што ќе ја изведуваат активноста групите се поставуваат моливи, тетратки и слично, за да се трасира патеката по која ќе се движи топчето. На едниот крај од клупите се прицврстуваат (со селотејп) пластичните чаши во кои топчето треба да паѓа.

- **<u>Инструкции за активноста/ играта</u>**

Наставникот им дава насоки за играта на учениците. Играта се изведува во 4 групи. Во секоја група учениците поединечно го дуваат топчето од старт (едниот крај на клупата) до кошот (пластичната чаша) кој е на другиот крај од клупата. На крај од играта групата со најмногу погодени кошови е победник. Дозволена е секоја позиција за дување, качување на стол, клупа и.т.н. Еден ученик од секоја група ги бележи со цртички погодените кошови.

- **<u>Активност/игра</u>**

Наставникот дава знак за почеток на играта. Учениците по одреден распоред од секоја група дуваат поединечно на топчето се додека не падне топчето во пластичната чаша. Потоа вториот ученик од секоја група дува и се’ така се менуваат до завршување на играта. Учениците во секоја група навиваат и сугерираат на другарчињата кои во моментот дуваат на топчето. По изминувањето на 20 минути се пребројуваат цртичките од бележењето на погодените кошови и се прогласува победничката група.